# Желе од јагоди во чаша

Едноставно желе од јагоди направено од свежо овошје кое претставува идеален десерт за вашите гости - направете го предвреме и изненадете ги гостите по вечерата. Секогаш има доволно место за желе.



**Состојки:**

- 500 мл. сок од црвено овошје
- Една рака свежи јагоди
- 20 грама желатин во прав
- Малку шеќер (по желба)

**Чекор 1**

Подготовката на ова желе е навистина едноставна - загрејте го овошниот сок и додавајте го желатинот полека.

Мешајте додека убаво да се растопи. Додадете малку шеќер доколку сокот има горчлив вкус.

**Чекор 2**

Измијте ги и исечкајте ги јагодите на тенки парчиња.

Неколку јагоди исечете ги на 4 дела.

**Чекор 3**

На дното од чашите ставете ги парчињата јагоди и врз нив истурете од оладеното желе колку да ги покриете.

Чашите ставете ги во фрижидер најмалку 6 часа, меѓутоа, доколку имате време, најдобро би било да останат цела ноќ.

**Чекор 4**

Во правоаголна тава ставете 16 парчиња јагоди на еднакво растојание и полека прелијте ги со мешавината од желе.

Внимавајте, желето треба само да ги покрие јагодите.

Тавата ставете ја во фрижидер исто така, најмалку 6 часа.

**Чекор 5**
Време е за сервирање - извадете ги чашите од фрижидер и ставете ги на бела чинија.

Со нож внимателно исечете го желето кое е во тавата на коцки и истите ставете ги на чинијата како декорација околу чашите.

**Совет**
Слободно обидете се и со друг вид на овошје и други бои на сок!

На јагодите, исто така, можете да додадете и малку свежо нане или пак да украсите со шлаг и бисквити!

## Користени производи:



**Делимано Лонец**



**Правоаголна тава**

Ти благодариме што си дел од МоиРецепти заедницата.
Испрати го твојот омилен рецепт на www.moirecepti.mk